Барање:

1. Кои мерки и протоколи ги предвиде (или предложи до Комисијата за заразни болести) Министерството за одбрана за спречување на ширење на заразата помеѓу бегалците и мигрантите?
2. Пандемијата изби во време кога веќе беше прогласена состојба кризна состојба на јужната и северната граница заради зголемениот број на бегалци и мигранти. Како ова се одрази на ангажманот на Министерството за одбрана со цел надминување на состојбите?
3. Дали од почетокот на пандемијата (март 2020) Министерството за Одбрана и Армијата имаат зголемен или намален број на персонал во камповите и прифатните центри?
4. Дали и во која мера Вашата институција обезбеди едукација, лична заштитна опрема и средства за дезинфекција за персоналот кој е ангажиран околу бегалците и мигрантите?
5. Дали на персоналот кој работи со бегалци и мигранти му беше понудена предност при вакцинацијата?
6. Дали на бегалците, мигрантите и лицата во ризик им е понудена опција за вакцинација по примерот на соседните земји?
7. Дали на граничните премини се поставени информативни табли на повеќе јазици поврзани со информации за заразата и имунизацијата?
8. Дали за персоналот на Министерствата за одбрана и припадниците на армијата кои работат или се ангажирани на граничните премини и во тразнитно-прифатните центри беше континуирано обезбедена лична заштитна опрема и средства за дезинфекција и во кои количини?
9. Кахо се спроведуваше надзорот врз имплементацијата на мерките од страна на припадниците на Министерството и Армијата?
10. Дали и како на граничните премини и во меѓуграничната зона припадниците на армијата ги применуваа мерките за социјално дистанцирање при соочување со поголеми групи на бегалци и мигранти?
11. Колкав е вкупниот број на заболени, оздравени и починати лица од вирусот КОВИД-19 кај вработени лица во Министерството за одбрана и Армијата кои работат со бегалци и мигранти?
12. Колкав е вкупниот број на вработени лица кои се јавиле во изолација или биле позитивни на вирусот заради контакт со бегалци и мигранти во погранични транзитни центри Табановце, Куманово, Винојуг, Гевгелија и меѓугранични зелени зони од почетокот на пандемијата?

Одговор:

1. Армијата на Република Северна Македонија во текот на пандемијата спроведуваше превентивни мерки за спречување на заразата со COVID – 19 кај персоналот ангажиран за справување со бегалската криза на тој начин што редовно го снабдуваше персоналот со лични заштитна опрема и средства за дезинфекција за превенција на ширење на заразата и изврши вакцинација на персоналот ангажиран на граничните премини;
2. Ангажманот продолжи со ист интензитет и зголемени мерки за лична и колективна заштита за персоналот од составот на Армијата;
3. Обезбедувањето на камповите и прифатните центри не е во надлежност на Армијата;
4. Веднаш по појавата на пандемијата се изврши едукација на персоналот од составот на Армијата преку презентации, обиколки и поделба на печатен материјал со конкретни насоки;
5. Вакцинацијата на припадниците на Армијата се вршеше според план добиен од Министерство за здравство;
6. Не е во надлежност на Министерството и Армијата;
7. Не е во надлежност на Министерството и Армијата;
8. Одговорено во број 1;
9. Надзорот го вршеа овластени лица на ниво на команди и единици;
10. Припадниците на Армијата постапуваа според наредби од прворпретпоставените команди и единици, стандардни оперативни процедури за постапки во разни ситуации и донесени протоколи и препораки од Министерството за здравство;
11. Од припадниците на Армијата нема случаи на заболени, оздравени и починати лица во ситуации кога имале контакти со бегалци и мигранти;
12. Од припадниците на Армијата нема случаи на изолација во ситуации кога имале контакти со бегалци и мигранти;